Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје**

## НЕДЕЛА НА ДИЗАЈН ВО МИЛАНО

Младите дизајнери од насоката Индустриски дизајн на Машинскиот факултет - Скопје успешно ги претставија своите најнови дела во рамките на Неделата на дизајнот во Милано, која се одржа од 17 до 22 април. Изложените експонати на иновативен мебел, осветлување, алатки за домаќинство и накит привлекоа бројна публика и новинари.

Неделата на дизајнот во Милано 2012 е најголемиот саем за дизајн во Европа, на кој настапуваат повеќе од 250 илјади производители и дизајнери од целиот свет.



Проектот беше поддржан од Министерството за култура на Република Македонија и Машинскиот факултет, а организиран од страна на професорките д-р Татјана Кандикјан и д-р Софија Сидоренко и помлад асистент м-р Јелена Мицевска.

На саемот беа изложени следните дела: „Столица за релаксација“ на Далибор Вучиќ, „Бескрајност“ - модуларен мебел на Славе Ристоманов, „Има апетит“ - комплет алатки за приготвување на предјадења и „Карпите на Матка“ - накит на Билјана Стојановска, „Воздушен масажер“ и „Македонка“ на Виолета Видоевска, „64L Club Table“ на Милош Ѓуроски, отварач за вино на Стефан Ристовски, „Антички војник“ на Валентино Поп-Гонов, „Патент-квака“ на Агнес Сарачини, „И-туба проект“ од група студенти и „Аголна столица“ од група студенти.



## РАБОТИЛНИЦА

Проф. Јасмина Чалоска учествуваше на работилницата на тема: „Промоцијата на истражувањето и иновациите во функција на конкурентноста“, која беше одржана на 20.04.2012 година во Технолошкиот парк на Универзитетот во Ријека. На работилницата учествуваа претставници од академската средина и претставници од преку 40 компании од Хрватска и регионот.

## EUREKA

На 19.04.2012 година на Машинскиот факултет во Љубљана, Словенија, беше одржан 3-от состанок на конзорциумот на ЕУРЕКА проектот ECO-CAN E!5783, на кој присуствуваа проф. д-р Јован Лазарев и проф. д-р Јасмина Чалоска. На состанокот беа присутни и партнерите во проектот, компаниите: Раде Кончар ТЕП и ArcelorMittal од Скопје.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец април 2012 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Татјана Кандикјан и пом. асс. м-р Јелена Мицевска остварија службено патување во Милан, Италија од 17- 22 април 2012 година.
2. Вон. проф. д-р Валентина Гечевска реализира службено патување во Нови Сад, Р. Србија од 23-25 април 2012 година.
3. Вон. проф. д-р Валентина Гечевска реализира службено патување во Нови Сад, Р. Србија од 23-25 април 2012 година.
4. Проф. д-р Јанко Јанчевски реализира службено патување во Словенија од 16-20 април 2012 година.
5. Вон. проф. д-р Глигорче Вртаноски оствари службено патување во Тбилиси, Грузија од 9-14 април 2012 година.
6. Проф. д-р Зоран Пандилов реализира службено патување во Р. Чешка од 23-30 април 2012 година.
7. Доц. д-р Ана Лазаревска оствари службено патување во Тирана, Албанија на 15 и 16 март 2012 година.
8. Вон. проф. д-р Ристо Филкоски оствари службено патување во Р. Хрватска од 12-13 април 2012 година.
9. Пом. асс. м-р Трајче Велковски и пом. асс. м-р Бојан Јовановски остварија службено патување во Р. Словенија од -27 април 2012 година.
10. Асс. м-р Бојан Прангоски оствари службено патување во Р. Турција од 26 април до 3 мај 2012 година.
11. Проф. д-р Јасмина Чалоска реализира службено патување во Р.Хрватска од 18-22 април 2012 година.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**01.05.2012**
**Ден на Трудот**

**24.05.2012**
**„Св. Кирил и Методиј“ Ден на сесловенските просветители**

**29.05.2012**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**31.05.2012**
**48 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2012, април, број 108**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*
# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## РАБОТИЛНИЦА

На 19 и 20 Април 2012 се оддржа работилницата Asymptotic and Time - Frequency Analysis with Symplectic Geometry http://www.nuhag.eu/feit12 (во соработка со Универзитетот Виена, Австриската Академија на науки и Универзитетот од Нови Сад). Гостуваа предавачите проф. д-р Ханс Фајхтингер и проф. д-р Морис де Госон од Универзитетот Виена, академик проф. д-р Стеван Пилиповиќ од Универзитетот Нови Сад и проф. д-р Диана Стоева од Институтот за Акустика при Австриската Академијата за науки.